# МИСИОНСКИ
# СТИХОВИ

Евангелски активности
на верниците





ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2024

*Сабота, 5 октомври 2024*

## Посета и духовна листа на проверка

Лекарите поставуваат многу прашања за да ги установат и проценат здравствените проблеми. Елена Вајт вели дека е потребно да се грижиме „за духовното здравје на душите (верниците). Што прави вештиот лекар? Тој се распрашува за подробностите на случајот, а тогаш ги припишува потребните лекови. Исто така, лекарот на душите би требало да ги истражи духовните болести со кое е погодено неговото духовно стадо, да го одреди лекот кој одговара и да го замоли Големиот лекар да му дојде во помош. Пружете им ја помошта која им е потребна. Таквите проповедници ќе добијат почит која им припаѓа како Христови службеници. Со тоа што се грижат за другите, ќе ги сочуваат во живот и сопствените души. Тие мораат да црпат сила од Бога за да можат да им дадат сила на оние на кои им служат“ (Pastoral Ministy p. 230).

Целта на посетата е да се дојде до разговор за духовните работи. За да го избегнете впечатокот дека тука сте за да испрашувате за животот на оние што ги посетувате, имајте на ум некои битни прашања кои ќе послужат како предизвик и ќе го поттикнат нивниот духовен раст. Еве неколку примери:

– Како е вашето семејство?

– Дали некој од вашите членови на семејството сака да биде крстен?

– Дали наоѓате време за семејно богослужение.

– Каква е вашата лична заедница со Бог?

– Дали сте во состојба за својата вера да зборувате со другите?

– Дали имате Библија, библиска поука, Поглед и книги на Духот на пророштвото?

– Дали сте верни во десетокот и приносите?

– Дали во вашето семејство приоритет е да се оди во црква?

– Дали имате некој предлог за да се подобри црковната програма или некоја служба?

– Дали имате некоја желба за молитва?

– Од што се состои вашето проучување на Библијата?

– Дали постои некој стих или нешто од нашата доктрина што би требало да се појасни?

– Што мислите, кои дарови ви ги дал дал Бог?

– Дали мислите дека црквата ги користи вашите таленти?

– Кој е вашиот најголем страв во поглед на иднината?

– Дали постои некое подрачје во вашето христијанско искуство во кое имате проблем?

– Што најмногу ви се допаѓа во нашата црква?

– Дали можете да ми кажете во која област од вашиот живот неодамна сте доживеале духовен раст?

Во некои случаи, само едно прашање може да започне плоден разговор. Главната цел треба да ви биде како да им помогнете да растат и да служат во црквата. Во текот на разговорот запомнете ги работите за кои ви се рекло да се молите. На крајот од молитвата спомнете ги тие работи и молете се за секој посебно. Многу е важно во секоја посета да покажете длабока загриженост за духовната состојба на членовите.

*Сабота, 12 октомври 2024*

**Изјава за мисијата на Адвентистичката црква**

Која е мисијата на црквата? Зошто сме овде? Како што црквата имала божествен почеток, така има и божествена мисија. Адвентистите на седмиот ден имаат посебна порака за ова време – единствена цел. Нашата црква има извонредна мисија и извонредна приврзаност кон мисијата. Верниците треба да ја поддржуваат таа силна љубов кон мисијата. Тие за неа постојано зборуваат во својата црква и таа е приоритет на црковните одбори. Би требало да бидеме вешти за да ги мобилизираме црковните членови во спроведувањето на мисијата.

Што е нашата мисија? Мисијата на Адвентистичката црква е сите луѓе да ги направи Исусови ученици, така што ќе зборува за вечното евангелие (радосната вест) во контекст на тројната ангелска вест од Откровение 14,6-12, водејќи ги така да го прифатат Исус како личен

Спасител и да се обединат со остатокот на црквата, учејќи ги да Му служат и подготвувајќи ги за Неговото скорешно доаѓање.

**Која е нашата методологија**? Ние ја објавуваме оваа мисија под водството на Светиот Дух на следниот начин:

***1. Со проповедање*** – Со прифаќање на Христовиот налог (Матеј 28,18–20), ние, на целиот свет, во овие последни денови му го објавуваме вечното евангелие на Божјата љубов, која потполно се открила во животот на Неговиот Син, во Неговата работа, смртта, воскресението и првосвештеничката служба. Препознавајќи дека Библијата е откривање на Божјата волја, ние ја изнесуваме нејзината полна вест, вклучувајќи го второто Христово доаѓање и авторитетот на Десетте заповеди со посебен нагласок на седмиот ден, Саботата.

***2. Со поучување*** – Со признавање дека развојот на умот и карактерот е битен во Божјиот план на спасение, ние го поттикнуваме развојот на зрело разбирање на заедницата со Бога, на Неговата Реч и создадениот универзум.

***3. Со лекување*** – Издигнувајќи ги библиските принципи за добродетелство на целокупниот човек, ние здравјето и лекувањето на болните го сметаме за приоритет и, со својата служба за сиромашните и угнетуваните, соработуваме со Создателот во Неговата сочувствителна работа на обновувањето.

***4. Негување на учеништвото*** – Истакнувајќи го духовниот раст и развој на сите членови, ние ги негуваме новите членови, ги упатуваме на праведен живот, ги обучуваме да бидат ефикасни сведоци и ја охрабруваме нивната послушност кон Божјата волја.

*Сабота, 19 октомври 2024*

## Мисијата на адвентистичката црква

Ние веруваме дека Бог ја повикал Адвентистичката црква не само да го проповеда евангелието, туку и да привлече внимание на заборавената служба во небесното светилиште, на состојбата на мртвите, на здравствената реформа и други вистини во кои веруваме и кои се дел од тројната ангелска вест (Откровение 14). Нашата

порака не е од затворен тип, таа се однесува и на сите кои не ја слушаат или ја занемаруваат нејзината вистина. Тоа е голем предизвик за нас.

Главната мисија на нашата црква е да го заговара помирувањето меѓу Бога и луѓето. Тоа е нашата главна цел. Луѓето често пати велат: „Што е со сиромашните и несреќните? Зар црквата не би требало да има некоја обврска кон нив"? Да. Неопходно е да им помагаме и да им ги олесниме маките на оние на кои им е потребно и кои се сиромашни, но тоа не е примарна мисија на црквата. Проповедањето на евангелието е примарна мисија на црквата, затоа што црквата е Божјо орудие за евангелизирање на светот.

Постојат различни мислења во врска со функционирањето на црквата, но следните наводи во Библијата се највозвишените приоритети:

***Да му го објавува евангелието на светот и да прави ученици од нив.*** „*Така одејќи, направете ги сите народи Мои ученици, крштавајќи ги во името на Таткото и Синот и Светиот Дух! Учејќи ги да пазат сè што Сум ви заповедал! И еве, Јас Сум со вас во сите дни до свршетокот на светот. Амин!*" (Матеј 28,19–20). Тој им рекол „*Одете по целиот свет и проповедајте го Евангелието на секое создание*!" (Марко 16,15)

Комбинацијата од овие два елемента – евангелизам и ученииштво – главно се смета како примарна мисија на црквата. Евагелизмот е објавување на добрата вест за Исуса Христа, и тој ги доведува човечките души во заедништво со Бога. Учеништвото е обучување на верниците за тие да можат да станат вистински следбеници на Исус и Неговите принципи. Одговорност на секој верник, а не само на проповедникот е да ги придобие душите за Исуса Христа.

***– Да служиме како заедница во богослужбата и дружбата***. Бог го направил човекот да ужива во Божјото друштво и во славењето на Бога. Тоа е и дел од Божјиот план за црквата за собирање на луѓе поради создавање на заеднички контекст за богослужение и заедничко изразување на љубовта кон Него и едни кон други. Исус ова го опишал како две најголеми идеали на христијанството: „‘*Љуби Го Господа својот Бог со сето свое срце, со сета своја душа, со сиот свој разум и со сета своја сила!’ А оваа е втората: ‘Љуби го својот ближен*

*како себеси!' Друга заповед, поголема од овие, нема*" (Марко 12,30.31).

На Господа ова му е многу пријатно за да може од своите обединети деца да прима љубов и обожавање (*Затоа ве молам, јас затвореник во Господа, да живеете достојно според звањето во кое сте повикани: со секаква понизност и кроткост, со трпеливост, поднесувајќи се едни со други во љубов! Настојувајте да го запазите единството на Духот... Едно тело и еден Дух, како што сте и вие повикани во една надеж на вашето звање*" Ефесјаните 4,1–4; *Ако пак одиме во светлина, како што е Тој Самиот во светлина, имаме заедница еден со друг, и крвта на Неговиот Син Исуса Христа нè очистува од секој грев*. 1. Јованово 1,7). Неговата присутност се гледа во едно такво опкружување, а нашето христијанско сведочење станува веродостојно во очите на светот. „*По тоа сите ќе познаат дека сте Мои ученици – ако имате љубов помеѓу себе!*" (Јован 13,35)

***Да ги изградуваме верниците и да ги подготвуваме за мисионска работа.*** Наша должност е да ја јакнеме црквата како тело на верници и да ги обучиме за мисионска работа. Црквата би требало да биде место исполнето со атмосфера на духовно изградување, каде што се учи Божјата Реч, каде верниците се зацврстуваат, се обучуваат за ученишто и се водат кон духовно созревање. Ова не само што ја засилува нашата вера во Бога, туку и нè подготвува и за служба. Според Божјиот план, секој член на Христовото тело е повикан на служба во некој дел од мисијата, а тоа особено се однесува на доведувањето на душите кај Христа. (*И имаме разни дарби, според дадената ни благодат: ако е пророштво, нека е согласно со верата!* Римјаните 12,6; *Зашто телото не се состои од еден член, туку од многу. Ако ногата рече: 'Бидејќи не сум рака, не му припаѓам на телото,' тоа не ја прави да не е од телото. И ако увото рече: 'Бидејќи не сум око, не му припаѓам на телото,*" *тоа не го прави да не е од телото. Ако целото тело би било око, каде би бил слухот? Ако сè би било слух, каде би било мирисањето? Но Бог ги поставил членовите во телото; секој еден од нив, како што Му било угодно. Ако пак сите би биле еден член, каде би било телото? А сега се многу членови, а телото е едно. Не може окото да и рече на раката: 'Не си ми потребна,' или пак главата на нозете: 'Не сте ми потребни!' Туку попотребни*

*се оние членови на телото, што изгледаат послаби. И поголемо почитување им даваме на оние членови на телото, за кои сметаме дека не заслужуваат почитување. Нашите неугледни членови имаат поголема пристојност; а на пристојните тоа не им треба. Но Бог го сложил телото, давајќи му поголема чест на оној член, кој ја нема, за да нема раздор во телото, туку членовите еднакво да се грижат еден за друг. И ако страда еден член, со него страдаат сите членови; или ако се слави еден член, сите членови се радуваат со него. А вие сте Христово тело, а поодделно, членови. И Бог ги поставил поединците во црквата: прво за апостоли, второ за пророци, трето за учители; потоа чудотворни сили, па дарови за исцелување, за помагање, за управување, за разни јазици. Сите ли се апостоли? Сите ли се пророци? Сите ли се учители? Сите ли се чудотворци? Сите ли имаат дарови за исцелување? Дали сите зборуваат разни јазици? Сите ли се толкувачи? Туку покажувајте ревност за подобрите дарби! А јас ќе ви покажам уште повозвишен пат.*“(1. Коринќаните 12,14-31).„*И така, ако е некој во Христа, тој е ново создание; старото помина, ете: сѐ стана ново*“ (2. Коринќаните 5,17).

Црквата е место за обучување на коешто добиваме охрабрување и поддршка за нашата мисија. Тоа е место каде што учиме како да ја делиме својата вера со другите.

**Биди му светлина на народот**. Исус ги искористил солта и светлината како метафора за да го опише влијанието на црквата („*Вие сте солта на земјата, но ако солта стане блуткава, со што ќе се осоли? Веќе нема сила за ништо, освен да биде фрлена надвор и луѓето да ја изгазат. Вие сте светлината на светот. Град кој лежи на рид, не може да се скрие*“ – Матеј 5,13-14). Историски гледано, солта секогаш била вредна и, меѓу другото, се користела и како антисептик во борбата против инфекциите. Од друга страна, светлината ја истерува темнината и е суштински елемент на животот.

Соодветно на тоа, црквата е вистински антисептик за гревот кој ја отстранува инфекцијата на злото. Црквата треба да ги застапува Божјите интереси во работите на општеството. Божествената намера никогаш не била црквата да биде пасивна или ограничена само на зградата. Таа треба да биде Божји светилник на народот. Христос сака црквата да ги осветлува народите со Неговата светлина, додека

се воздигнуваат спасоносните вистини и праведноста на Исуса Христа (Тит 3,14). Исус ѝ рекол на својата црква: *„Така нека свети вашата светлина пред луѓето, за да ги видат вашите добри дела и да Го прослават вашиот Татко, Кој е во небесата."* (Матеј 5,16)

*Сабота, 26 октомври 2024*

## Причина за мисијата

Дали некогаш сте се запрашале зошто Бог нам ни ја доверил оваа важна мисија? Зар тој не можел да го изнесе евангелието преку некој друг? Елена Вајт потврдува: „Бог можел да ја објави својата вистина преку безгрешните ангели, но тоа не бил Неговиот план" (E.G.W., *Christian Service*, 7). Духот на пророштвото понатаму зборува: „Бог можел да допре до грешниците без нашата помош" (Исто, 8). Зошто тогаш Исус ова им го доверил на човечките суштества? За да одговори на ова прашање, Елена Вајт пишува: „За да го развиеме Христовиот карактер, мора да бидеме учесници во Неговото дело" (Исто). Голема духовна благосостојба добиваат членовите кои се вклучени во мисионското дело.

Во божествениот план, оние што не работат, престануваат да растат. Исус дошол на овој свет да ги бара и да ги најде изгубените. Сите ние бевме изгубени пред да слушнеме за евангелието. Нам ни е дадена можност да го прифатиме Исуса како свој Спасител и така сме спасени. Голем предизвик во христијанскиот живот е да останеме во тоа искуство на спасение. За да останеме во Божјата љубов и да растеме во Неговата благодат, мораме да ја проучуваме Божјата Реч и постојано да се молиме.

Повеќето христијани откриваат дека, како што минува времето, губат волја за молитва и проучување. Зошто? „Постои еден лек за духовна мрзливост, а тоа е работата – работа за душите на кои им е потребна помош... Тоа е рецепт кој Бог го препишал за малодушните, сомнителните и треперливи души. Оние кои се тажни, кои одат пред Бога жалејќи се, нека станат и нека помогнат на некого" (Marcos De Benedicto, *Ministry,* October 2008, 24, 25).

Според Елена Вајт, примарна цел на мисионерството не е само евангелизмот. Тоа е шанса луѓето и жените да растат во благодатта, да ја оставаат својата духовна мрзеливост и да одат напред зајакнати. Членовите кои не се активни и кои не се вклучени во мисијата на црквата, се причина за грижа.

Не поради тоа што ќе има помалку крштевања или што веста нема да се шири брзу, туку затоа што таквите членови во целина го пропуштаат христијанското искуство.

Здравите христијани се посветени на мисијата на црквата. Понекогаш се збунуваме. Ние мислиме дека целта на мисијата е крштавањето, па смислуваме нови начини како да крстиме повеќе луѓе. Тоа би било во ред, кога нашата мисија би била во зголемувањето на бројот на верниците. Но, Христос замислил дека мисијата треба да биде и поттик за духовен раст. „Не постои лице кое е вистински посветено а живее беспомошен, бескорисен живот“ (E.G.W., *Christian Service*, 107).

*Сабота, 2 ноември 2024*

## Мисионскиот тим

„*Обележјето на големата црква не е нејзиниот капацитет во поглед на бројот на седиштата, туку капацитет во смисла на бројот на испратените работници*“ (Мајк Стачура).

Кога Христос ни ја доверил мисијата на својата црква, Тој рекол: „Ќе ми бидете сведоци“. „Ова евангелие ќе се проповеда по целиот свет“. „Вие сте солта на земјата“. „Вие сте светлината на светот“. „Одете и направете ги сите народи Негови ученици“. Сите тие налози бараат индивидуално учество.

Господ Исус не ја доверил оваа мисија само на професионалните евангелисти. Ние од секој член треба да направиме мисионери. Нашиот предизвик е секој член да ја исполни својата мисија. „Пасторот/црковниот старешина е доброволен службеник, кој ги учи членовите на црквата дека, доколку сакаат духовно да растат, треба да

го носат товарот што Господ им го ставил – товарот на доведување на душите за да ја запознаат вистината. Оние кои не ја исполнуваат оваа одговорност треба да се потсетат на силната љубов кон мисијата, да се молат за нив и да се трудат околу нив“ (E.W, *Christian Service*, 13).

„Мудар е оној пастор кој многу рано научил дека не може сам да ја изврши целата работа. Господ избрал дванаесет ученици. Првите апостоли избрале седум добри луѓе. Сопственикот на лозјето отишол на пазар за да најде помош“(E. White, *Gospel Workers,* 200).

Одговорност на пасторот е да обучува, да организира и да ја води целата црква со здружен напор да го предупреди и да го подготви целиот свет за средба со Бога. Ниеден член на црквата не може да каже: „Јас не сакам да создавам ученици, не сакам да бидам сведок. Јас немам можности. Јас тоа не го сакам, и нема ни да го работам“. Најголема причина за постоењето на црквата е мисијата. Тоа не е работа на поединец или некоја приватна работа.

Во една анкета и за пасторите и за членовите на црквата, деведесет проценти од пасторите изјавиле дека целта на црквата е да се допре до изгубените. Не е ни чудо што црквата не врши некое значајно влијание во општеството. Тие не се заинтересирани да допрат до изгубените души, тие се заинтересирани само за себе. Црквата е во постојано искушение да го прифати овој свет како свој дом. Во тој случај нема вистинско единство, а не може ни да биде вистинско. Црквата мора да се сврти кон вистинската цел – да го сврти погледот на луѓето кон Бога!

*Сабота, 9 ноември 2024*

## Големиот налог и воодушевеност за мисијата

Кога Исус ги испратил своите ученици меѓу народот (Матеј 28, 10–20), Тој ги испратил како заедница, а не како поединци. Дури, и кога првите христијани заминувале од своите куќи во мисија, не оделе сами туку во тимови (*„И ги повика Дванаесеттмината; почна да ги праќа по двајца, и им даде власт над нечистите духови“* –

Марко 6,7; „*Тогаш апостолите и старешините, со целата црква, одлучија да изберат меѓу себе некои луѓе и да ги испратат со Павле и Варнава во Антиохија: Јуда, наречен Варнава, и Сила, водечки луѓе меѓу браќата*“ – Дела 15,22; „*Бидејќи не можевме веќе да го трпиме тоа, најдовме за добро да останеме сами во Атина, а Тимотеј, нашиот брат и Божјиот соработник во Евангелието на Христа, го испративме, за да ве зацврсти и охрабри во вашата вера*“ – 1. Солуњаните 3,1-2). Преку посетите, писмата и молитвите тие успевале да останат блиски со својата месна црква. Црковната заедница им била важна за мисијата. Христос нè испратил во светот како амбасадори на неговата црква.

Како такви, ние ја делиме и нејзината мисија. Поединците кои работат сами не можат да ја исполнат оваа мисија. Вие на својот сосед можете да му кажете за Христа без помош од други верници. Но, многу малку е веројатно дека сами ќе успеете да го пренесете евангелието на целиот континент, да ја задоволите гладта на мнозина или да изградите болница. Но, кога сте во заедница со други верници, вие сето ова можете да го направите, па и многу повеќе.

Нашата мисија не смее да биде ограничена само на евангелизмот. Улогата на црквата во овој свет е да ги носи луѓето до Бога и да ги помири со Него. Исус учел, помагал, исцелувал, служел и создавал ученици. Црквата треба да го прави тоа што Исус го правел.

Восхитеноста во работата е комбинација од енергија и убедување. Вистинската љубов кон мисијата се развива од љубовта кон Бог и посветеноста кон Неговата црква. Елена Вајт пишува: „Христос со радост ги спасува душите. Ова нека биде и ваша работа и радост“ (*Christian Service,* 110). Таа понатаму продолжува: „Секој кој зборува за Христа треба да работи на спасението на душите“ (Исто). Потоа таа понатаму нагласува со зборовите: „Оваа одговорност не треба да биде само на грбот на ракоположените пастори. Секој кој го примил Христа е повикан да работи на спасување на душите“ (Исто, стр. 10). Црковните активности, како што се молитвата, благодарењето, музиката, заедништвото и други служби се исто така битни, но да им носиме спасение на изгубените – тоа е наша најголема одговорност. Ова би требало да биде наша најголема радост. На небото нема повеќе да евангелизираме. Но, додека сме овде на

Земјата, евангелизмот треба да биде дел од нашето животно искуство. Носењето вести за вечното евангелие на другите е мисија на секој христијанин – и ваша и моја. Големиот налог има свој рок на траење, ќе трае од времето кога Исус го кажал тоа, па „до крајот на светот“ (*И еве, Јас Сум со вас во сите дни до свршетокот на светот. Амин!*“ –Матеј 28,20). Секоја минута е драгоцена. Дури и демоните знаат дека има уште малку време.

Христијанското искуство и духовниот раст бараат сведочење. Ако не се поврземе со својата заедница и не ја пренесуваме својата вера, нашето христијанство нема смисла. Каква црква подготвуваме за второто Христово доаѓање? Како ние лично се подготвуваме да ја оствариме Христовата мисија?

*Сабота, 16 ноември 2024*

**Различни мотивации за мисија и будење**

Сите нас нè мотивираат различни работи – љубов, благодарност, стравопочит, желба да му угодиме на Бога. Секоја од овие мотивации е правилна. Секоја ја надополнува онаа другата. Во Божјиот универзум, она што е правилно, секогаш е и разумно. Понекогаш ни се потребни сите овие поттикнувања за да можеме да го направиме она што е правилно за Господа.

Иако прославувањето на Бог е највозвишената и главна причина на секое дејствување, Писмото не наидува на никаква контрадикторност меѓу Божјата вечна слава и нашето вечно добро. Напротив, со тоа што тежнееме кон нашето вечно добро, по Негов налог, ние и го прославуваме Бога.

Генералната конференција на Црквата на адвентистите на седмиот ден на 11 октомври 2010 година изгласа документ под наслов „Итен повик за будење, реформација, ученство и евангелизам“. Овој документ на почетокот потсетува на мисијата на Адвентистичката црква, всушност, им ја објавува Божјата порака на љубов кон луѓето во последните денови. Во тој документ се признава дека сме поткленале и сме ја изгубиле рамнотежата, и дека без промени

нема да бидеме во можност да ја завршиме мисијата. Документот се завршува со зборови на предизвик за секој водач и за секој верник, да се обврзат на следното:

1. На прво место да бараат од Бог духовно оживување и излевање на Светиот Дух во вид на доцниот дожд во нашиот живот, во животот на нашето семејство и во службата.

2. Секој за себе да одвои доволно време за дружење со Бог преку молитва и проучување на Божјата реч.

3. Секој нека го испита своето срце и побара Светиот Дух да го осведочи за она што нѐ спречува да го откриваме Исусовиот карактер во својот живот. Да бараме да имаме срце кое ќе сака да ја исполни волјата на Светиот Дух.

4. Да ги охрабриме црковните службеници да поминуваат време на молитва, и во проучување на Божјата реч, да се молат да го разберат Божјиот план за Неговата црква.

5. Да го охрабриме секој член на црковната организација да се молат за луѓето кои работат во администрацијата, пасторите, здравствените работници, издавачките куќи, воспитувачите, студентите и сите вработени да го бараат Исуса и излевањето на Светиот Дух преку проучување на Божјата Реч и молитва.

6. Да ги користиме сите можни медиуми, предавања и работилници за да ја повикаме целата црква да настојува да оствари подлабока заедница со Исуса поради ветеното оживување и реформи.

7. Итно да ги повикаме сите верници да го отворат своето срце за Светиот Дух, силата која менува, да го промени нашиот живот и животот на нашето семејство, животот на нашите организации и животот на заедницата.

*Сабота, 23 ноември 2024*

## 777 – Глобална иницијатива за заедничка молитва за излевање на Светиот Дух

Адвентистите ширум светот се повикани заедно да се молат во 7 часот наутро и навечер) за излевање на Светиот Дух. Молитвата на еден ќе се соедини со молитвата на илјадници други во различни временски зони ширум светот. Елена Вајт вели: „Синџирот на искрена молитва на верниците треба да го опфати светот... да се молат за Светиот Дух" („Our Need of the Holy Spirit", Review and Herald, January 3, 1907). Таа исто така нѐ потсетува дека „оживувањето на вистинската побожност меѓу нас е најитна и најбитна работа. Наша прва задача е да го бараме ова... Наша работа е преку признавање, понизност, каење и искрена молитва да ги исполниме условите преку кои Бог ќе може да ни ги даде ветените благослови. Оживувањето треба да се очекува единствено како одговор на молитвата" (Prayer, 116).

Сега е клучно време во историјата и во конечните настани. Време е, како никогаш порано, да се молиме на Бога и да бидеме подлабоко исполнети со Светиот Дух. Време е како пастори, црковни водачи и верници да бидеме подготвени, запечатени, потполно да му се предаваме на Христа секој ден и во потполност да се потпреме на Него. Ние треба да ја примиме полнотата на позниот дожд, светото масло, Духот на запечатување. Тоа е нашата најитна потреба. Ајде сега да бараме од Бога да нѐ оживее, да нѐ реформира и да нѐ зајакне за да ја извршиме мисијата што Тој ни ја доверил. Тогаш ќе бидеме подготвени за второто Христово доаѓање.

Таму ќе има безброј круни, различни видови на круни и награди. Сето тоа милостиво ќе ни го даде Исус, за верните напори на верниците. Наградите не ни се даваат само како признание, туку и поради Христовата вечна слава.

Затоа, ќе кажеме како Павле: „*Зашто јас веќе сум излеан како жртва налевница, и времето на моето заминување настапи. Извојував добра борба, го заврших трчањето, ја запазив верата. Отсега натаму ми е подготвен венецот на правдата, што ќе ми го даде во оној Ден Господ, Праведниот Судија, и не само мене, туку и на сите,*

*кои го возљубија Неговото јавување*“ (2.Тимотеј 4,6–8). Дали можеш да бидеш вистински верник, а да не почувствуваш силна љубов кон мисијата?

*Сабота, 30 ноември 2024*

## Сила за евангелизам

„*Тогаш Исус им се приближи и им рече: „Дадена Ми е сета власт на небото и на земјата*“ (Матеј 28,18).

Евангелизмот во сите свои видови – а посебно во жетвениот дел – не е човечки потфат, за да може тешката пот на човечките суштества навистина да влијае на некој да го следи човекот по име Исус. Без оглед на слабоста на човечкиот организам, Бог ги користи луѓето како свои инструменти за да ги освои оние кои се изгубени, но никогаш не смееме да заборавиме дека зад сето тоа се наоѓа неверојатната сила на Светиот Дух.

Црквата ја поставил Исус, а за служба ја зајакнал Светиот Дух. Човечкото дело не ја создало црквата – таа е родена преку моќна акција на настанот на Денот Педесетница. Од својот почеток црквата знаела дека ја создал и ја зајакнал Бог. Таа никогаш не може да оди напред во човечка сила, туку секогаш во духот на третата Личност на Божеството.

Додека Исус ги собира своите ученици на последниот состанок на горите каде што го дал својот налог, Матеј ни го опишува неверојатниот настан како Исус ја создава својата црква поради исполнување на Неговата мисија.

„*А Единаесетте ученици отидоа во Галилеја, на гората, каде што им беше определил Исус. И штом Го видоа, Му се поклонија, а некои се сомневаа. Тогаш Исус им се приближи и им рече: ‘Дадена Ми е сета власт на небото и на земјата. Така одејќи, направете ги сите народи Мои ученици, крштавајќи ги во името на Таткото и Синот и Светиот Дух! Учејќи ги да пазат сè што Сум ви заповедал! И еве, Јас Сум со вас во сите дни до свршетокот на светот. Амин!’“ (Матеј 28,16-20)*

Овој силен цитат го опишува Исусовото дело на повикување и постоење на она што ќе стане христијанска црква. Онака како што Бог се симнал во грмотевиците на Синајската гора и ја воспоставил својата старозаветна црква со авторитетот на моќниот Бог од планината, така и Исус ја започнал својата ембрионска црква на Горната по налог и ја воспоставил својата новозаветна црква врз семоќниот авторитет на воскреснатиот Христос.

Исус се појавил пред своите единаесетмина избрани во својата воскресната состојба. Тие реагирале така што му се поклониле и го обожавале. Христијанството почнува со обожавање на живиот Господ. Тој е воскреснатиот Исус. Тој ја победил смртта и гревот. Овој победоносен Христос е темел на црквата која е организирана. Сепак, некои од учениците се посомневале (17. стих). Исус не ја воспоставил црквата со совршени луѓе, туку со поединци кои сè уште не биле совршени.

Слично на тоа, Бог ја започнал својата старозаветна црква со несовршени луѓе кои му се поклонувале на златното теле, додека Мојсеј на гората ги примал Десетте заповеди. Изгледа дека во природата на библискиот Бог е да користи несовршени луѓе. Не е потребно да чекаме да станеме совршени пред Бог да нè употреби. Исус е стручњак за користење луѓе кои сè уште треба да растат.

Онака како што Бог слегол на Синај со застрашувачко прикажување на натприродната сила, така Исус со својот моќен глас, објавил дека ја има сета власт на небото и на земјата (18. стих) Оваа е најмоќната изјава која Исус некогаш ја дал. Нема сомнение околу тоа кој е Тој. Не можете да добиете поголема власт од онаа за која Исус тврдел дека ја има во овој стих. Тоа било изјава дека Тој е главниот извршен Заповедник на вселената. А, кога Тој ќе проговори, сите сакаат да го слушаат и го почитуваат. Ова е Исусов став, додека Тој ја повикува во постоење христијанската црква, користејќи ги единаесеттемина ученици, од кои некои се посомневале.

Покрај ваквото сериозно покажување на авторитетот и моќта, овде би требало Исуса сериозно да го сфатиме. Ако не го направиме она што Тој го бара, ние сме непослушни кон Главниот Заповедник на вселената. Црквата нема друга можност. Црквата мора да го слуша својот Заповедник. Според тоа, ако некоја црква тврди дека

е христијанска, го слуша големиот налог, но намерно и по своја волја живее во грев – тоа е неодржлива положба за секој кој тврди дека е ученик на Исуса Христа.

А каков е тој налог? Создавање ученици! Создавањето ученици очигледно е процес. Луѓето мораат да се освојуваат за Исуса, а потоа да се развиваат во плодоносни ученици на Човекот од Галилеја. Според тоа, со самото дело на создавање на црквата, Исус го дефинирал процесот на учеништвото. Исусовиот налог не е само да донесат одлуки за Него, да се крстат луѓето или тие да станат членови на црквата – колку и да е важен секој дел од тој процес; налогот бара производство на ученици, што Исус јасно го навел во другите стихови – да бидат подготвени да Го сретнат кога Тој ќе дојде. (За натамошно истражување за тоа што значи да се биде ученик, погледнете ја книгата од истиот писател *Radical Disciples for Revolutionary Churhes,* или *Recovering an Adventist Approach to Life and Mission in Local Church).*

Не само што Исус јасно ја дефинира мисијата, Тој исто така објаснува дека ќе биде со својата црква сѐ додека таа ја исполнува мисијата. На црквите не им е потребно да ја откриваат својата мисија. Таа мисија веќе им ја дал самиот Основач; можеби е потребно да се осовремениме за нашето време, но Исус јасно ја дефинирал целта. Секоја црква со мисија која не се занимава со освојување на изгубените, според дефиницијата не може да биде христијанска црква, бидејќи, да се биде христијанин, значи да се живее во послушност на живиот Христос. Било која црква со поинаква мисија е црква која е дијаметрално спротивна на Христа. Овде нема можности, туку само послушност.

Матеј 28,20 (*И еве, Јас Сум со вас во сите дни до свршетокот на светот. Амин!“)* го прикажува Исус кој своите ученици ги храбри, дека овој жив Христос ќе оди со нив сѐ додека тие ја исполнуваат нивната мисија. Но, ова не е ветување дека Христос ќе биде со нив во сѐ што црквата прави. Ветувањето е дадено во врска со налогот. Тоа не е безусловно, туку ветување кое ќе ја следи црквата додека таа се движи напред, послушна во сѐ што Исус ѝ кажува.

Колку импресивна мисла. Ние не одиме напред да освојуваме луѓе за Христа сами со своја сила. Таа нас нѐ следи. Тој оди со нас. Ние не одиме во човечка сила, туку во величествената сила на

воскреснатиот Господ. Затоа можеме да одиме напред во потполна сигурност, без сомневање, туку со потполна вера дека Бог ќе нѐ благослови додека тежнееме да ги освоиме душите за Исус. Тој нас не нѐ повикал на неуспех, туку на успех во Неговото присуство. Само Божјата сила може да предизвика величествени резултати кои Исус ги замислил дека ќе ја следат црквата. Не се осудуваме да зборуваме за неуспехот среде Божјото присуство.

*Сабота, 7 декември 2024*

## Бог во „сиромаштија“

*„Болниот Му одговори: „Господине, немам човек да ме спушти во бањата, кога ќе се разбранува водата; а додека дојдам јас, друг слегува пред мене*“ (Јован 5,7).

Бог денес е во „сиромаштија“. Бог во „сиромаштија“? Каква е оваа чудна изјава? Што воопшто може да му недостасува на Бога кој е семоќен? Некои, оваа изјава ќе ја сметаат за неверојатна, како мислење кое не може да се докаже и на кое треба да му се спротивставиме. Други можеби ќе ја сметаат за лудост и ќе ја третираат како размислување кое не може да се усогласи со христијанската вера. Смее ли некој да се осмели да помисли дека Семоќниот Бог, Творецот на вселената, кој заповеда со целиот создаден свет, е во каква било сиромаштија?

Ова е навистина тешка тема - дали на Бога нешто му недостасува? Ограничениот човечки ум стои пред огромна пречка, која многу тешко може да се сфати и едвај е подготвен да ја прифати. Сепак, овде станува збор за факти, а не за хипотеза. Господ го има сѐ она што е човечкото око во состојба да го здогледа, сѐ што збунето претпоставува и допира, и сѐ што само магливо го познава. Тој не само што го создал, направил и благословил со живот туку ги одржува и чува сите работи. Давид многу добро се сеќава на оваа вистина: „*Давидов псалм. Господова е земјата и сѐ што е на неа, светот и сите кои живеат во него*“ (Псалм 24,1).

Познатиот англиски евангелизатор Спурџон го коментира овој стих со следните зборови: „Иако човекот живее на оваа земја која

често ја делат лакомите владетели, оваа земја не е човекова. Тој е само потстанар во еден несигурен стан, кој во секој момент можат да му го откажат. Вистинскиот сопственик седи устоличен над облаците и се смее над листата од владејачи кои се како црви кои ползат во прашината. Исполнетоста која земјата ја има е во состојба на човекот да му обезбеди плодови, богатство и живот, меѓутоа, Сопственик на сите овие работи е Семоќниот Бог".

Во стари времиња, пророците со следните зборови сведочеле за Божјата изјава за својата сопственост: „*Златото е Мое, среброто е Мое – зборува Господ над Воинствата*" (Агеј 2,8). „*Зашто се Мои сите горски животни, илјади ѕверови по Моите ридишта. Ги знам сите горски птици, Мое е сè што се движи по полињата*" (Псалм 50,10–11). „Сè што е добро на оваа земја е дар кој доаѓа од Божјата рака и сведочи за неговата љубов кон човекот... Златото и среброто се Негова сопственост и ако тој сака, може да направи тие да паѓаат од небото... Тој нас нè опсипува со своите добри дела. Му должиме благодарност и похвала за храната, облеката и воздухот. Без неговата посебна грижа воздухот би бил полн со отрови кои би биле носители на зараза. Тој е Бог, дарител, добротворец и Бог кој нè заштитува. Исклучиво Божјата грижа и сила го одржува нашиот живот" (E.G. White, *Counsels on Stewardship*, стр. 15–18).

Ова е прекрасна слика за Божјото битие, за Неговото величие, за неброените богатства од неговите ризници. Навистина, сè е Божјо. Сè Тој прави и Тој управува над сè. Кога ќе проговори, се создава сè, кога поинаку заповеда, се паѓа во прашина. Во што Бог сепак може да е во сиромаштија? Во луѓе! Луѓе кои се поприврзани кон Неговата Реч повеќе од својот живот, луѓе кои проповедањето на евангелието го носат во срцето повеќе од сè на овој свет.

Биди и ти таков човек! Со што и да се занимаваш во својот живот, дозволи Бог да те употреби за ширење на Неговото царство на местото каде што ти се наоѓаш!

*Сабота, 14 декември 2024*

## Работа со новокрстените верници

„*Туку, говорејќи ја вистината, во љубов, ние треба да растеме во сè – кон Него, Кој е Глава, Христос*“ (Ефесјаните 4,15).

**Посетување на новите верници**

Новите луѓе редовно се посетувани за време на евангелска серија. Тие веќе навикнале да ги посетувате еднаш седмично, а во некои случаи и почесто. Ако, одеднаш ја занемарите сета таа внимателност, ќе изгледа дека сте биле заинтересирани само за да ги доведете во црква, а сега, откако се крстиле, повеќе не ви е важно. Затоа црквите кои сериозно сакаат да ги задржат своите нови верници, треба редовно да ги посетуваат.

Наш предлог е да продолжите да ги посетувате новите верници еднаш седмично во текот на првиот месец од нивниот црковен живот, а потоа еднаш месечно во текот на една година.

Што можете да работите за време на овие посети? Кој ги посетува? Очигледно пасторот не може да ги постигне сите овие посети. Всушност, повеќе се постигнува ако пасторот не ги прави овие посети. Тој, може да направи неколку посети, но лаиците, кои ги посетуваат, ја пренесуваат пораката дека целата црква е заинтересирана за новите верници. Исто така, со посетувањето на луѓето се зголемува кругот на луѓето кои новите верници можат да ги запознаат. Сепак, за да можат лаиците да посетуваат, треба да постои причина.

Научив дека на лаикот му е тешко едноставно да тропне на вратата и да каже, „Дојдов да те посетам“.

Предлагам црквата да вложи во нови луѓе со тоа што секој лаик кој оди во посета ќе им носи некоја книга или списание кое ќе им помогне да ја разберат црквата. На пример, некој старешина може да наврати и да им даде некој примерок на книга со утрински стихови за таа година и да им објасни како да имаат утринско богослужение. Другата седмица истиот старешина може да им однесе некоја

книга напишана од Елена Вајт за да можат подобро да се запознаат со дарот на пророштвото. Некој друг може да им однесе примерок од „Поглед“ и на новото лице да му покаже како може да се претплати за списанието. Тоа може да се направи и со другите списанија. Дури можете и да им подарите годишна претплата.

Ако имаат деца, директорот на училиштето треба да ги посети и да им ја претстави локалната црковна школа. Многу школи нудат некоја уводна посебна школарина за новите верници во текот на првата година. Друг посетител може да биде водачот на Извидниците, кои децата ќе ги повика да им се придружат на извидниците. Ова се само некои од причините за посета. Некој можеби ќе се прашува, кој ќе ги плати овие книги и списанија? Локалната црква. Тоа е мала цена за грижата за новите верници. Трошиме илјадници долари за да добиеме нови верници – ајде да бидеме подготвени да потрошиме нешто и да ги задржиме.

Верниците на црквата која ја посетуваат нови верници треба да добијат одредени упатства. Треба да ги научиме да не ги осудуваат новите луѓе. Можеби ќе видат нешто за што сметаат дека не е добро. Не треба да ги осудуваат – адвентистичкиот начин на живот се учи со текот на времето, и на луѓето им е потребен простор за растење во околината. Внимателно бирајте ги личностите кои ќе ги посетуваат и погрижете се да бидат во состојба да ја пренесат сликата за прифаќање на новите верници.

**Малите групи**

Веројатно, најважно што можете да направите во интегрирањето на новите верници во црквата е да ги приклучите на малите групи. Малата група станува одговорна за нивната интеграција. Посетите за кои зборувавме во претходниот дел можат да се остварат во малата група. Според тоа искуство, открив дека новите верници, ретко ја напуштаат црквата кога се приклучуваат кон мала група.

Малите групи им даваат можност за лични средби каде луѓето можат подобро да се запознаат. Наша цел е новите верници да стекнат седум пријатели за шест месеци, а најдобар начин за тоа е да се формира мала група. Луѓето не можат да стекнат пријатели ако

се среќаваат едни со други еднаш во седмицата, кога сите седат во црковните клупи. На луѓето им се потребни можности за дружење и интеракција. Тоа најдобро се остварува преку малите групи.

Црквите кои планирале служба со мали групи, како продолжение на работата по евангелизацијата, имаат уреден систем според кој во текот на последната недела од состаноците веќе повикуваат нови членови во мали групи. Немојте да се грижите ако една личност биде повикана во пет различни групи. Тоа само им помага на новите верници да се чувствуваат потребни. Ако на вашата црква ѝ е потребно разбирање за тоа што малите групи го прават, обратете се во вашата област заради подучување и материјал.

**Семинар за духовни дарови**

Исто така, важно е новите верници да се вклучат во работата на црквата колку што е можно побрзо. Сè додека луѓето не почнат да придонесуваат за животот на некоја организација, тие не сметаат дека припаѓаат таму. Кога еднаш ќе почнат да придонесуваат, нивниот речник се менува од „ваша црква“ во „моја црква“. Новите луѓе не сакаат да даваат само личен придонес за црквата – тие сакаат да дадат значаен придонес за животот на црквата.

Тоа значи дека не сакаме да ставиме нови луѓе во некои непостоечки одбори кои никогаш ништо не работат. Тие треба да бидат вклучени на таков начин да чувствуваат дека треба да придонесат за мисијата на црквата. За да го остварите тоа, треба заедно да работите на откривањето на нивните дарови. Одржувањето на семинари за духовните дарови – било како дел од работата на некое посебно одделение во саботната школа или како семинар во текот на викендот – важно е за новите луѓе. Тоа ќе им помогне да откријат како Бог ги надарил и ќе ги оспособи да го пронајдат своето место да служат во телото, во согласност со своите дарови.

Вклученоста во службата не треба да се смета за можност. И новите и старите верници мораат да бидат вклучени во службите во црквата, во согласност со своите дарови. Можеби нема да можете да поставите нови луѓе да бидат старешини во црквата, но има многу места на кои можат да се вклопат. Новите верници се особено добри во евангелските видови на активности.

**Сведочење**

Потенцијалот за сведочење кај новите верници е најдобар во текот на првите три години додека се во црквата. Со текот на времето тие и понатаму имаат многу контакти надвор од црквата. Сепак, по три години нивниот потенцијал за сведочење почнува да пресушува. Затоа е важно новите верници веднаш да се вклучат во сведочење за Христа на своите пријатели.

Новите верници можеби ќе сакаат во нивниот дом да се организираат библиски часови на кои ќе ги поканувaат своите пријатели. Не е потребно тие да ги држат часовите, некој друг верник треба тоа да го прави, иако новиот верник подоцна може да се обучи за да одржува библиски часови со пријателите. Новите луѓе треба да бидат вклучени во активностите на црквата. Повторното слушање на пораката на состаноците ќе им помогне уште повеќе да се врзат за црквата и да се втемелат во нејзините верувања, а тоа ќе биде одлична можност за да ги повикаат своите пријатели.

Колку повеќе пријатели и членови на семејството на новиот верник ќе се придружат кон црквата, толку е поголема веројатноста тие да станат верници на црквата. Многу е полесно да се задржи личноста кога целото семејство се приклучило на црквата, отколку кога ќе се приклучи само мажот или жената. Многу е помудро да се насочиме кон осведочување на цели семејства, отколку на изолирани поединци.

*Сабота, 21 декември 2024*

## Верниците во мисионска работа

„*Нема ученик над својот учител, секој кој ќе се усоврши ќе биде како Неговиот учител*“ (Лука 6,40).

Во мисионската работа создаваме ученици, а не само верници на Црквата. Од суштинска важност е во Црквата на дваесет и првиот век да се појават адвентисти од нов вид – адвентисти кои се во совршена согласност со Светиот Дух и на кои Тој им подарил сила за остварување на Христовата задача.

За да се оствари оваа цел, потребно е темелно да се разработи оваа задача на Црквата од новозаветна перспектива. Дали главна цел на Христовата задача за Црквата е создавање ученици? Во оваа година, во рамките на мисионските стихови добро ќе го проучиме Исусовиот Голем налог како основа за сфаќање на нашата задача. Подоцна ќе проучиме како пораката на тројцата ангели ја толкува задачата за последните денови.

Расправите во црквите денес откриваат забуни во врска со местото и улогата на крштевањето во евангелскиот процес. Многу верници сметаат дека главната цел на Големиот налог е да повикаат луѓе да го прифатат Исуса за свој Спасител. Во оваа група постои мислење дека не треба да се грижиме дали луѓето ќе станат верници на црквата додека ги води Христос. Така ја разделуваат доктрината од припадноста кон Црквата. Сметаат дека луѓето може да станат Христови ученици, иако не станале верници на црквата, иако не ги научиле ни библиските доктрини.

Ваквото сфаќање очигледно изгледа како начин на кој можеме да ја извршуваме мисионската работа. Во минатото адвентистите сметале дека библискиот налог ги опфаќа двата процеса: доведување на луѓето кај Христа, но и во членството на Црквата. Ова се сметало за траен процес во кој тие две нешта не можат да се раздвојат. Поради тоа, на нашите евангелизации главно се изнесувани доктрини, а немало традиционален евангелски пристап, според кој луѓето прво треба да се запознаат со верата во Христа. Адвентистичката евангелска работа не треба да го занемари ни проповедањето за верата во Христа. Всушност, во изминатите неколку години, тоа посебно го нагласувале многу евангелисти. Меѓутоа, адвентистичките евангелизации обично траат многу подолго од оние кои ги држат другите евангелисти, бидејќи сметаме дека е потребно, како дел од евангелизацијата, да ја изнесеме нашата наука.

Доналд Мек Гавран, основач на движењето за раст на современата Црква, го одвоил крштевањето од членството во црквата. Тој тврди дека Христовата задача опфаќа, како што тој вели, „создавање ученици", а додаток на тоа било „усовршувањето". „Создавањето на ученици" според него значи „доведување кај Христа", а „усовршувањето", „учење на луѓето како да живеат како христијани". Мек

Гавран забележал дека Црквата своето тежиште го става на „усовршувањето“, а малку време посветува на „создавањето ученици“. Поради тоа, ја повикал Црквата повеќе да се посвети на „создавањето ученици“, а помалку да се грижи за „усовршувањето“.

Намерите на Мек Гавран биле добри – имал искрена желба да донесе повеќе луѓе кај Христа. Меѓутоа, неговата кратка дефиниција за „создавање ученици“ довела до такви резултати што многумина престанале да ги водат луѓето кон вистинското Исусово учење. Наместо тоа, повеќе ја нагласувале потребата луѓето да бидат водени само да го прифатат Христа. Последицата на тоа била што многу христијани не растеле во Христа, туку останале на почетниот степен од развојот.

Христијанската адвентистичка црква во 21. век мора да влезе со поголема преданост кон недовршената задача да ја проповеда вечната радосна вест по целиот свет. Остварувањето на Христовата задача нема да се исполни само со примена на правилна методологија за раст на црквата. Од најголема важност е да се потпреме на силата на Светиот Дух да го осведочи и да го преобрати нашето срце. Иако Светиот Дух може да создаде ученици и со неправилна методологија, веруваме дека верниците ќе добијат поголема сила од Светиот Дух ако ги применуваат методите во согласност со христијанската задача.

*Сабота, 28 декември 2024*

## Врховен владетел на вселената

„*А кога Исус дојде во околината на Кесарија Филипова, ги праша Своите ученици и рече: ’Што велат луѓето, Кој е Синот Човечки*’?“ (Матеј 16,13)

Кога го здогледале воскреснатиот Господ, учениците изненадено ги слушале Неговите речиси неверојатни зборови: *Тогаш Исус им се приближи и им рече: „Дадена Ми е сета власт на небото и на земјата* (Матеј 28,18). Му приоѓале тврдејќи дека сега ја има сета власт на Небото и на земјата. Сега нема само делумна, туку ја има сета власт.

Овде Исус вели дека е врховен владетел на универзумот. Ова е најсилната Исусова изјава за владеењето, восхитувачка, силна и семоќна. Исус повеќе не е само благ и кроток, туку и Оној која ја има сета власт.

На синајската гора Бог му се јавил на Израел со грмотевица за да ја истакне својата власт и моќ. Исус сега ја повторува оваа глетка давајќи ѝ налог на својата новозаветна Црква. Големиот налог не го издава обичниот Исус, туку Исус кој ја има сета власт. Никаде во Светото писмо Исус не е прикажан на толку авторитативен начин, како тогаш кога го дал Големиот налог; самото тоа е доволно силно за да го истакне. Затоа не смееме толку лесно да го сфатиме. Не е тоа една од многуте заповеди кои Исус ги дал, туку, тоа, всушност, е Исусова заповед која ги опфаќа сите останати. Да не се послуша овој налог, значи да не се слуша Исус, кој ја има власта на врховен Владетел на универзумот. Не смееме да се осмелиме да бидеме непослушни кон налогот на Оној кој ја има сета врховна власт.

Адвентистите тврдат дека тие се црквата на остатокот, кој ги твори Божјите заповеди и го има Исусовото сведоштво („*И змевот се разгневи на жената и отиде да војува против другите од нејзиното семе, против оние, кои ги пазат Божјите заповеди и го имаат Исусовото сведоштво*" – Откровение 12,17). Оваа е смела изјава која не го вкучува само празнувањето на саботата, туку исто така и послушноста кон и на Големиот налог. Невозможно е да бидеме Црква на остатокот, да ги извршуваме Божјите заповеди, а да не ја извршиме Исусовата најважна заповед – Големиот налог.

Откако објавил дека единствено Тој ја има сета власт, Исус го дава божествениот налог: „*Така одејќи, направете ги сите народи Мои ученици, крштавајќи ги во името на Таткото и Синот и Светиот Дух! Учејќи ги да пазат сè што Сум ви заповедал!*" (Матеј 28,19) Оваа заповед е неверојатна. Како таа мала група од единаесет сиромашни, половично верни луѓе, полни со сомнежи, можела да се надева дека ќе оствари еден толку величествен план – од сите народи да направи ученици? Тоа можело да се оствари единствено со силата на семоќниот Исус.

Оваа заповед ги збунила првите ученици. Како е можно да се создадат ученици кај сите народи. А, денес, по две илјади години,

оваа задача на црквата ѝ изгледала уште поголема. Но, заповедта содржана во овој текст неразделно е поврзана со семоќниот Исус. Таа може да се оствари благодарение на Неговата власт. Бидејќи Исус е врховен Владетел на вселената, учениците можат храбро да излезат меѓу луѓето и да ја објават веста за воскреснатиот Исус и од сите народи да прават Негови ученици.

Темелите на оваа задача длабоко се вкоренети во божествената природа на Исуса Христа, како апсолутен Господар на Небото и на Земјата. Причината за христијанското дејствување меѓу народите може да се сфати само ако мислиме на воскреснатиот Господ кој ја победил смртта. Со оваа задача е поврзана вистинската мисла дека тој ист Исус ќе обезбеди сила и средства за остварување на задачата која им ја доверил на учениците. Затоа, како последен дел од налогот, Тој објавува дека ќе биде со нив до крајот на светот (стих 20). Ветувањето дека ќе биде со нив е дадено поради народот кој треба да се придобие. Со тоа, Тој не тврди дека ќе биде со нив без оглед на сè, туку дека ќе биде со нив ако верно ја извршуваат задачата што им ја доверува. Брунер, повторно забележува:

„Во непосреден контекст, Исусовото ветување дека ќе биде со учениците е упатено само на оние кои ќе прават нови ученици. Не би било чесно кон Големиот налог од Матеј да се каже дека Исусовото посебно ветување за присутноста било дадено за сите кои се нарекуваат христијани – бидејќи не било дадено, како што некогаш велиме, 'без оглед на сè'. Дадено е условно – на мисионски настроените христијани".

Учениците не морале да појдат меѓу народите со своја сила; требало да појдат затоа што Исус ја има секоја власт над народите. Затоа, во извршувањето на оваа задача не треба да се оди без присуство на Оној кој ја има секоја власт над народите. Големиот налог го содржи ветувањето на Духот, кој во потполност се излеал на денот Педесетница.

**Градиво за саботна школа**

**Мисионски стихови**
4/2024

Излегува тримесечно:

**Издава:**
Одделение за саботна школа
Христијанска адвентистичка
црква во Р. Македонија

**Превод и техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Илија Киров

**За интерна употреба**